Врз основа на член 22 став 1 точка 6 и член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02), членовите 6, 8, 9, 10 и 11 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности(„Службен весник на РМ“ број 47/06, 86/08, 51/11, 28/14, 153/15), Програмата за планирани активности од областа на спортот во Општина Аеродром за 2025 година („Службен гласник на ОА“ број 30/24) и член 24 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Аеродром („Службен гласник на ОА број 20/2012, 21/2014, 23/2014, 04/19, 01/21), Советот на Општина Аеродром на својата 52-ра седница, одржана на 27.01.2025 година ја донесе следнава

Република Северна Македонија
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Совет на општина Аеродром
Бр. 09-11/16
28.01.2025 од.
СКОПЈЕ

# ОДЛУКА
## за давање спонзорство на Друштво за спортски дејности Кошаркарски клуб МЗТ Скопје Аеродром АД Скопје за 2025 година

Член 1

Со оваа Одлука се дава спонзорство на Друштво за спортски дејности Кошаркарски клуб МЗТ Скопје Аеродром АД Скопје за 2025 година, во износ од 12.000.000,00 денари (дванаесетмилиони) денари.

Член 2

Средствата за оваа намена ќе се издвојат од Буџетот на ОА, Програма Л0- спорт и рекреација, потставка 463120 – трансфери до спортски клубови.

Член 3

Меѓусебните права и обврски помеѓу Општина Аеродром како Давател и Друштво за спортски дејности Кошаркарски клуб МЗТ Скопје Аеродром АД Скопје како Прималел на спонзорството ќе се регулираат во Договор за спонзорство, кој ќе се спроведува по добиено позитивно мислење за потврда на јавниот интерес од страна на Министерството за правда на РСМ.

Член 4

За возврат на спонзорската поддршка од страна на Примателот на спонзорството, Општина Аеродром ќе биде промовирана како спонзор на начин кој ќе биде детално утврден во Договорот за спонзорство.

Член 5

Исплатата на финансиските средства кои се даваат како спонзорство ќе ја изврши Секторот за финансиски прашања на Општина Аеродром по исполнување на условот од член 3 од оваа Одлука.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Аеродром“.

Претседател на Совет
на Општина Аеродром
Љупчо Аџковски